РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-282/20
30-07-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37 – та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-282/1 од 14.01.2025 година, оформен по пријава поднесена од непознат подносител против лицето ---------, директор на ООУ „ ---------- “ – ------ и член на Совет на општина ------, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК утврди дека службеното лице ги прекршило одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и по спроведена постапка за порамнување, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-282/1 од 14.01.2026 година е оформен по пријава поднесена од непознат подносител против лицето -------, со наводи дека истата истовремено извршува две функции, и тоа функцијата директор на ООУ „--------“ – ------- и функцијата член на Советот на Општина --------.
Државната комисија, по извршениот увид во својата евиденција за избор, именување и престанок на функции, утврди дека лицето ------ е избрана за член на Советот на Општина -------со Уверение за избран советник бр. 11-174/1 од 30.10.2025 година, издадено од Општинската изборна комисија на Општина -------, согласно резултатите од изборите за членови на Советот на Општина -------- одржани на 19 октомври 2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Понатаму, ДКСК, при проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во тековната состојба од 22.01.2026 година за ООУ „--------" – -------, утврди дека лицето ------- ја извршува функцијата директор на училиштето.

Со цел за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба Државната комисија побара податоци и информации од Општина ------- и врз основа на извршен увид во доставената документација, го констатира следното:

Лицето Јасмина Паметковска е именувано за директор на ООУ „----------" – с. --------, Општина --------, со Решение бр. 08-3199/2 од 14.12.2022 година, донесено од градоначалникот на Општина ---------.

Со Решение за престанок на извршување на функцијата директор на ООУ „--------" – с. -----------, Општина ------, бр. 08-514/2 од 20.02.2026 година, лицето ------- е разрешена од функцијата директор.

ДКСК констатираше дека лицето, во законски предвидениот рок од 30 дена, нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси по престанокот на функцијата директор на ООУ „-------" – с. -----------, Општина ----------.

Наведената состојба е спротивна на член 44 став (2) и (4) и член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), а согласно член 105 став (1) алинеја 1 и член 109 став (1) алинеи 1 и 2 од истиот закон претставува прекршок.

Од страна на лицето ----------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именуваната достави два записника за констатиран прекршок бр. 09-282/14 и 09-282/16 од 13.05.2026 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на два прекршочни платни налози бр. 09-282/15 и 09-282/17 од 13.05.2026 година.

По доставените записници за констатиран прекршок и издадените прекршочни платни налога за констатиран прекршок согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците, лицето --------- изврши уплата на пропишаните глоби и достави доказ до ДКСК.

ДКСК, по извршениот увид во Административната алатка на ДКСК за поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, утврди дека лицето ---------- поднело Изјава за имотна

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

состојба и интереси по престанокот на функцијата директор на ООУ „------------" – с. -----------, Општина ------------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**
**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar